**Известување за концентрација со којасо која САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.Словенија ќе стекне контрола над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о Словенија (предмет бр. 08-89/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенијастекнува единствена контрола врз ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о.Улица Минажикова бр. 6, Марибор, Словенија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.**(Салус) е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на САЛУС, Љубљана, д.д. кое е матично друштво на групацијата на друштва Салус ("Групација Салус"). Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС и Санолејбор д.д. ("Санолејбор"), чии главни дејности се трговија на големо (Салус и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали.Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активна преку своето претпријатие-ќерка ЦАРСО ПХАРМ (*CARSO pharm*), дооел Илинден, активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи.

**Фармадент**трговија, производство и услуги д.о.о (Фармадент) е активно во трговијата на големо, првенствено тргување со лекови за луѓе, но и со продажба на други производи за здравствена заштита и благосостојба, како што се оние наведени погоре за Салус (со исклучок на медицинска опрема).Фармадент има едно претпријатие-ќерка во целосна сопственост, ГоФарм д.о.о. кое е веледрогерија во гореспоменатите области.

Фармадент и ГоФарм д.о.о.не се активни во Северна Македонија. Тие немаат никаков имот и не оствариле никаков промет во Северна Македонија во 2022 година.

Според подносителот на известувањето како релевантни пазари за оценка на предметната концентрација би можеле да се дефинираат следните пазари: големопродажниот пазар на лекови за хумана медицина, големопродажниот пазар на ветеринарна медицина, големопродажниот пазар на медицински помагала и пазарот на големо на други производи (додатоци во исхраната, козметички производи, храна итн.).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.06.2023 година
Скопје